**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ОПШТИНА БЕРОВО

*Одделение за урбанизам*

До

- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСВО**
- **МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**
- **Управа за заштита на културно наследство**
- **МЖСПП - Сектор за природа**
- **МЖСПП - Сектор за води**
- **Агенција за електронски комуникации**
- **ДЗС - Подрачно одделение Берово**
- **Јавно претпријатие за државни патишта**
- **МЕПСО АД Скопје**
- **ЕВН_издавање_податоци_и_мислења_планови**
- **Евн КЕЦ Делчево**
- **Македонски Телеком - Скопје**
- **А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**
- **Водостопанство Берово**
- **ЈКПР Услуга, Берово**

,

**ПРЕДМЕТ:** Повик за одржување Втора **Јавна анкета** и **Јавна презентација,** по Предлог: **Измена и дополнување на УПВНМ** за **туристичка населба "БЕРОВСКО ЕЗЕРО",** ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2, со плански опфат помеѓу: ул. „Новопланирана 10", ул. „Новопла-нирана 11", и ул. „Новопланирана 12", Општина Берово.

Почитувани,

Согласно член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Ве известуваме за одржување на Втора јавна анкета и јавна презентација за Предлог план: **Измена и дополнување на УПВНМ за туристичка населба "БЕРОВСКО ЕЗЕРО",** дел од **УРБАН БЛОК 2, Општина Берово.** Опфатот е со површина од **38.555,32 м².**

Втората Јавна анкета и јавна презентација по Предлог план: Измена и дополнување на УПВНМ за туристичка населба "БЕРОВСКО ЕЗЕРО", ќе се спроведе преку информацискиот систем Е-урбанизам, со објава на Веб-страната на општината и со огласување на Предлог планот на огласна табла во зградата на Општина БЕРОВО.

Втората Јавна анкета ќе трае 10 дена, и тоа од 22.11.2024 год. до 06.12.2024 год, секој работен ден од 7,30 до 15,30 часот. Во споменатиот рок, заинтере-сираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, своите забелешки, предлози и мислења можат да ги достават до донесувачот во писмена форма преку анкетни листови, преку информацискиот систем Е-урбанизам, како и по електронски пат преку веб страната на Општина Берово, до одделението за урбанизам при Општина Берово.

Предмет на забелешките и предлозите не може да бидат плански одредби што се законска или подзаконска обврска, или плански одредби уредени со план од повисок ниво, туку само планските одредби што се предмет на уредување на конкретниот урбанистички план, односно предмет на конкретните изменувања и дополнувања на урбанистички план

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 02.12.2024 год, (Понеделник) во 13,00 часот во просториите на Општина Берово – Мала сала.

За спроведената Втора јавна анкета и презентација, ке биде изработен извештај со образложение за прифатените и неприфатените забелешки за урбанистичкиот план, од страна на комисијата формирана од Градоначалникот.

**Бр. 20-3608/4**
**04.11.2024 год.**
**Б е р о в о**

**Со Овластување:**
**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Одделение за Урбанизам**
**Раководител**
**МИШО ДОГАЗАНСКИ, дги**